**БРАКО е македонска металопреработувачка компанија која е основана во 1947 година и која произведува огромен асортиман на производи. Денес БРАКО е извозно ориентирана компанија со преку 500 вработени, каде над 90% од производите се наменети за извоз и претставува препознатлив бренд за производство на секаков вид жичани производи, тешки метални конструкции (куќишта за хидро турбини, модуларни контејнери итн.), широка палета на медицински мебел и медицински помагала како и препознатливите возила за чистење улици и јавни површини чие производство, склопување и развој се врши во Република Македонија.**

---

Доколку сте личност која е во постојана потрага по нови предизвици, се пронаоѓате во решавањето на проблеми, сакате динамична работна средина, и претпочитате работа во тимска средина БРАКО ДОО Велес има потреба од

# ИНЖЕНЕР ЗА МАШИНСКО ОДРЖУВАЊЕ

## ШТО НУДИМЕ:

- Можност за работа во современа работна средина,
- Можност за работа во докажана компанија со преку 500 вработени,
- Можност за постојано надградување во кариерата преку учество на секаков вид на саеми, семинари и обуки во земјата и странство
- Можност за соработка со докажани интернационални партнери
- Обезбедена кетеринг исхрана на трошок на компанијата

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- Одржување на CNC машини (глодалки, стругови, плазма, апкан, ексцентар и ексцентар преси)
- Решавање на проблеми, дефекти и поправки во тековно и превентивно одржување на машини и опрема
- Водење на евиденција за регистрирани и отстранети дефекти
- Овозможување на брзо и ефикасно остранување на дефекти

## ПОТРЕБНО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОСОБНОСТИ:

- ВСС - Дипломиран машински инженер
- Најмалку 3 години работно искуство во одржување на машини и опрема
- Работно искуство во Autocad и SolidWorks
- Одлично познавање на англиски јазик
- Напредно познавање на работа со MS Office како и работа со апликативен софтвер
- Работно искуство во производна компанија ќе се смета за предност
- Работно искуство во одржување на CNC машини ќе се смета за предност
- Возачка дозвола Б-категорија

## ВЕШТИНИ

- Способност за брзо решавање на проблеми
- Способност за предвидување на проблеми
- Подготвеност за работа во динамична средина
- Ефективност, ефикасност и одговорност при исполнувањето на обврските
- Посветеност, мотивираност, иницијативност
- Тимска работа и кооперативност

**Работното време за работната позиција е од понеделник – петок од 08:00 часот – 16:00 часот**
**За кандидатите со живеалиште надвор од Велес организиран е превоз до работното место.**

**Со самото доставување на потребната документација се согласувате ДПТУ БРАКО ДОО Велес да ги обработува вашите лични податоци за потребата на регрутација или вработување и истите да ги чува во базата на податоци подолго од 12 месеци.**

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесна селекција ќе бидат контактирани.**

**Прашања и повеќе информации на тел. 075 293 691.**